... Fakulteti Filologjik - Republika e Maqedonisë ...
Филолошки факултет - Република Северна Македонија
Nr.-бр. 18 - 801/1
27. 08. 20 21 viti/год.
Tetovë - Тетово

До

д-р Дијана Петровска,

преку Наставно-научниот совет на

Филолошкиот факултет на Универзитетот во Тетово

Предмет: **Одговор** на **Приговорот** поднесен од кандидатката д-р Дијана Петровска, во врска со **Рецензентскиот извештај** за избор на наставник за покривање на предметите 1. Општа лингвистика; 2. Лексикологија на современиот македонски јазик; 3. Дијалектологија на македонскиот јазик (64010, 64019, 64027 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација), објавен во **Билтенот на Универзитетот во Тетово, бр. 194**, на 16.7.2021 година.

Во врска со **Приговорот** на **Извештајот** на **Рецензентската комисија,** Комисијата во состав од: ред. проф. д-р Соња Новотни - претседател, ред. проф. д-р Мери Цубалевска - член, вонр. проф. д-р Арбурим Исени - член, а по внимателното разгледување на поднесениот Приговор, го дава следниот

**ОДГОВОР**

Приговорот на кандидатката д-р Дијана Петровска се отфрла како целосно неоснован. Рецензентската комисија во состав од ред. проф. д-р Соња Новотни - претседател, ред. проф. д-р Мери Цубалевска - член, вонр. проф. д-р Арбурим Исени - член, почитувајќи ги законските одредби и Законот за високо образование, како и Статутот на Универзитетот во Тетово и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот во Тетово го избра кандидатот доц. д-р Михајло Марковиќ.

1.Имено, кандидатката д-р Дијана Петровска во првиот дел од Приговорот наведува дека Рецензентската комисија е несоодветно назначена и нејзините членови не ги исполнуваат условите за да бидат нејзини членови, со што го деградира Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет на Универзитетот во Тетово со Одлуката за формирање на Рецензентската комисија со бр. 18-728/1 од Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот во Тетово донесена на 30.6.2021 година, којшто орган едногласно ја избра наведената Комисија за Рецензентска комисија за избор на наставник за покривање на предметите 1. Општа лингвистика; 2. Лексикологија на современиот

македонски јазик; 3. Дијалектологија на македонскиот јазик (64010, 64019, 64027 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација). Во продолжение кандидатката ги деградира и членовите на избраната Рецензентска комисија со лични квалификации и невистинити аргументи, со што ги опишува како некомпетентни, што е апсолутна невистина и лична навреда на рецензентите избрани од Наставно-научниот совет. Сите членови од Рецензентската комисија се во повисоко или исто звање со звањето во кое се избира кандидатот доц. д-р Михајло Марковиќ и се од иста, или сродна наставно-научна област.

2.Во врска со вториот дел од Приговорот на кандидатката д-р Дијана Петровска, каде што наведува дека Комисијата е должна да даде целосен Извештај за приложените вредности коишто треба да се оценат и бодираат одделно, Рецензентската комисија смета дека не е потребно да се верификува поради подобрите резултати коишто вториот кандидат доц. д-р Михајло Марковиќ ги има остварено во наставно-научната и во наставно-образовната дејност во високото образование, а коишто се на увид во доставената документација поддадена од кандидатите кои конкурираат за овој избор во звање.

3.Кандидатката д-р Дијана Петровска нема доставено документ за избор во звање (доцент) што се бара во Конкурсот, бидејќи се работи за избор-реизбор на наставник во сите наставно-научни звања, а во конкретниов случај се бара Одлука за избор во звањето доцент по наведените предмети од компетентен орган, односно од Универзитетот во Тетово, што јасно стои во распишаниот Конкурс за избор-реизбор на наставници во сите наставно-научно звања на Универзитетот во Тетово, објавен во весниците *Слободен печат* и *Коха* на ден 9.6.2021 г., и на Web-страницата на Универзитетот: www.unite.edu.mk, во делот насловен „Услови за наставно-научно звање доцент, вонреден и редовен професор" во првата точка, којшто документ го поседува кандидатот доц. д-р Михајло Марковиќ донесен од Ректорската управа на Универзитетот во Тетово на 28.9.2016 година, со што е единствениот кандидат кој целосно ги исполнува условите предвидени со Конкурсот за точка бр. 9, бидејќи се работи за унапредување на наставен кадар во повисоко звање, а истовремено кандидатот доц. д-р Михајло Марковиќ е во редовен работен однос како доцент на Филолошкиот факултет на Универзитетот во Тетово, токму како наставник за наведените предмети во Конкурсот.

4.Во останатиот дел од Приговорот, кандидатката д-р Дијана Петровска во најголема мера се занимава со лични квалификации и деградирања на повеќе начини на Рецензентската комисија, што го сметаме за недолично однесување на кандидат којшто претендира за добивање на наставно-научно звање во високото образование.

5.Рецензентската комисија со сиот нејзин кредибилитет и благодарност кон Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет на Универзитетот во Тетово за укажаната чест, во целост го одбива Приговорот како НЕОСНОВАН, не навлегувајќи во беспредметни дискусии, и воедно смета дека кандидатот д-р Дијана Петровска која го поднела Приговорот, всушност самата се избрала за рецензент на истата.

**ЗАКЛУЧОК СО ПРЕДЛОГ**

Според горенаведеното, Рецензентската комисија смета дека Приговорот поднесен од д-р Дијана Петровска на ден 11.8.2021 година е целосно **НЕОСНОВАН**, а во поголем дел тенденциозен и со обид за деградација на Комисијата и Наставно-научниот совет на Универзитетот во Тетово.

Комисијата во состав од: ред. проф. д-р Соња Новотни - претседател, ред. проф. д-р Мери Цубалевска - член, вонр. проф. д-р Арбурим Исени - член, по внимателното разгледување на поднесениот Приговор, има особена чест уште еднаш да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет на Универзитетот во Тетово, доц. д-р Михајло Марковиќ да биде избран во звањето **ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР** во научната област македонски јазик и лингвистика по предметите: 1. Општа лингвистика; 2. Лексикологија на современиот македонски јазик; 3. Дијалектологија на македонскиот јазик.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. д-р Соња Новотни, ред. проф. с.р., претседател
2. д-р Мери Цубалевска, ред. проф. с.р, член
3. д-р Арбурим Исени, вонр. проф. с.р., член

Тетово, 27.8.2021